# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 2 | Четврток , 18 јануари 2007 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 6. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица ……………………….. | 1 |
| 7. | **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” за 2007 година ………………………………… | 2 |
| 8. | **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година ……………………. ………………. | 3 |
| 9. | **Заклучок** за усвојување на Програмата за работа на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2007 година ……………… | 3 |
| 10. | **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2006 година …………….. | 3 |
| 11. | **Предлог – План** за запишување на ученици во I година во средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2007/2008 год. ... | 4 |

---

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршувње на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007 година.

Бр. 08- 114/2
17.01.2007 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/06), член 12 став 2 од Уредбата за канцелариско и архивско работење (“Сл. весник на РМ” број 58/96) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица**

Член 1

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 10/05) во член 6 став 3 се

додаваат зборовите: “Инспекторат – Сектор за инспекциски работи”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-114/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Локалната библиотека “Благој Јанков Мучето” за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007 година.

Бр. 08- 110/2 Градоначалник
17.01.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................

**7.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за библиотекарство (“Сл. весник на РМ” бр. 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков” Мучето” за 2007 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Локалната установа библиотека “Благој Јанков Мучето” Струмица за 2007 година, предложена од Управниот одбор на Библиотеката.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-110/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 год.

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007 година.

Бр. 08- 111/1 Градоначалник
17.01.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................

**8.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година, усвоена од Управниот одбор на Домот на седницата одржана на 26.12.2006 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-111/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ– Струмица за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ – Струмица за 2007 година, донесен на

седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007 година.

Бр. 08-113/2 Градоначалник
17.01.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**9.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на ТППЕ – Струмица за 2007 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на ТППЕ – Струмица за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-113/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на ТППЕ – Струмица за 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална против-пожарна единица – Струмица за 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007 година.

Бр. 08-112/2 Градоначалник
17.01.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………..

**10.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната професионална против-пожарна единица – Струмица за 2006 год.**

1.Се усвојува Извештајот за работа на Територијалната професионална против-пожарна единица – Струмица за 2006 година.

2.Се препорачува, надлежните органи да ги преземаат потребните дејства за екипирање на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица со потребниот број пожарникари, согласно член 6 од Законот за пожарникарство.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-112/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Предлог – Планот за запишување на ученици во I година во средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2007/2008 год.

1. Се објавува Предлог – Планот за запишување на ученици во I година во средните општински училишта во Општина Струмица во учебната 2007/2008 година донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.01.2007година.

Бр. 08- 109/2 Градоначалник
17.01.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

---

**11.**

Врз основа на член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Сл. весник на РМ” број 67/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.01.2007 година, донесе

**Предлог – П л а н**
**за запишување на ученици во I година, во средните**
**општински училишта, во Општина Струмица,**
**во учебната 2007/2008 година**

**1. СОУ „Јане Сандански” Струмица**

Во прва година да се запишат 340 ученици во 10 паралелки на следните наставни планови и програми:

**Гимназиско образование: ..............................204 уч. во 6 парал. и 55 миним.поени**
**Економско-правна и трговска струка:............136 ученици во 4 паралелки**
- економски техничар .................................................... 102 уч. 3 пар. 4 г.тр. 55 миним.поени
- техничар за трговија и маркетинг: ................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 55 миним.поени

**2. СОУ „Димитар Влахов” Струмица**

Во прва година да се запишат 306 ученици во 9 паралелки на следните наставни планови и програми:

**Земјоделско-ветеринарна струка: ............ 136 ученици во 4 паралелки**
- техничар за фармерско производство .......................68 уч. 2 пар. 4 г.тр. 36 миним.поени
- техничар за хортикултура .......................................... 34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 38 миним.поени
- лозаро-винарски техничар .........................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 38 миним.поени

**Хемиски-технолошка струка: 102 ученици во 3 паралелки**
- прехрамбен техничар ................................................ 68 уч. 2 пар. 4 г.тр. 40 миним.поени
- преработувач на жито, брашно и шеќер .................34 уч. 1 пар. 3 г.тр. 32 миним.поени

**Здравствена струка: .................................... 68 ученици во 2 паралелки**
- фармацевтско-лабораториски техничар ...................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 67 миним.поени
- медицинска сестра ......................................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 65 миним.поени

**3. СОУ “Никола Карев” Струмица**

Во прва година да се запишат 500 ученици во 15 паралелки според наставните планови и програми за:

**Машинската струка: ................................. 136 ученици во 4 паралелки**
- машински техничар ................................................. 34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 42 миним.поени
- автотехничар-мехатроничар ...................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 42 миним.поени
- бравар-инсталатер на водовод.......................17 + 17 уч. 1 пар. 3 г.тр. 30 миним.поени
- автомеханичар ........................................................ 34 уч. 1 пар. 3 г.тр. 30 миним.поени

**Текстилно-кожарска струка: .................. 68 ученика во 2 паралелки**
- конфекциски техничар .......................................... 68 уч. 2 пар. 4 г.тр. 40 миним.поени

**Уметничко образование**
**применета лик. уметност: .......................... 34 учен. во 1 паралелка**
- техничар за дизајн на облека ................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 45 миним.поени

**Електотехничка струка: ........................... 126 ученика во 4 паралелки**
- електротехничар-енергетичар ..............................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 51 миним.поени
- електротехничар за компјутерска
 техника и автоматика ..............................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 55 миним.поени
- електроинсталатер и монтер ................................34 уч. 1 пар. 3 г.тр. 35 миним.поени
- електромеханичар .......................................... .....24 уч. 1 пар. 3 г.тр. 35 миним.поени

**Сообраќајна струка: .................................. 68 ученици во 2 паралелки**
- техничар за патен сообраќај .................................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 51 миним.поени
- техничар за транспорт и шпедиција .......................34 уч. 1 пар. 4 г.тр. 55 миним.поени

**Шумарско-дрво-преработувачката струка.. 34 ученици во 1 паралелка**
- техничар за мебел и ентериер ..............................34 уч. 1 пар. 4.г.тр. 42 миним.поени

**Градежна струка ........................................ 34 ученици во 1 паралелка**
- монтер за сува градба ............................................34 уч. 1 пар. 3 г.тр. 35 миним.поени

Предлог – Планот ќе се објави во „Сл. гласник на општина Струмица” и ќе се достави до Министерството за образование и наука.

Број 07-109/1 Совет на општина Струмица
15.01.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.